## АРТ-ПЕРФОРМАНС

# „Молци“ на Симовски го дезинсекцира системот

### Врекичките со нафталин прошетаа пред Владата, Собранието и МАНУ

Молците се метафоричка ознака, јасна алузија на штетниците што се дел од државните институции и, свесно или несвесно, дали поради недостиг од волја, дали поради неспособност или, пак, поради криминални мотиви, однатре ги нагризуваат, вели Бојан Симовски, придвижувач на уметничкиот проект „Молци“, кој викендов беше реализиран пред неколку државни институции.

Пред Собранието, МАНУ, Владата и универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Симовски и неговите колеги од катедрата за историја на уметност поставија објекти - црвени врекичка против молци со огромни димензии. Објектите се наполнети со извадоци од весници, кои известуваат за нефункционирањето на институциите.

- Овие „врекички со нафталин“ со зголемени димензии имаат намера да прошетаат и да ги проветрат клучните државни институции, кои се „темел“ на системот, кој само што не се срушил врз нас - вели Симовски, студент на катедрата за историја на уметност на универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кој проектот го реализира со своите колеги.

Според него, проектот „Молци“ има цел преку една метафорична игра, преку предизборно-постизборен „ритуал“ да одигра улога на остар критичар на институциите и коректив на општеството што се темели врз нив. Неговата намера, вели тој, е многу едноставна: на креативен начин да укаже дека се потребни „дезинсекција“ на институциите и промена на неодговорниот однос кон општеството.

- Во недостиг од политичка моќ да ги смениме нештата, ние младите наоѓаме поинакви средства да алармираме за проблемите и да ги проблематизираме прашањата што го нарушуваат нормалното функционирање на индивидуата во ова општеството - велат младите историчари на уметност, кои учествуваат во проектот.

Бојан Симовски досега има реализирано два ангажирани уметнички проекти: „Весела свадба“ во Куклица и „Крик“ во руинираната печатница „Гоце Делчев“ во Скопје. ❑